касиа·cassia

КИРИЛ АНГЕЛОВ

(Втор дел од серијалот: ИСААК)

САКАМ КНИГИ

За Бог
Слава Тебе за сѐ.

За мојата мајка, Цанда Василева Ангелова,
мој покров, моја скапоценост, мој дом.

За сите мои читатели,
сите ние сме Исаак, Крсте, Агата,
сите се бориме, успеваме, паѓаме, стануваме...
и ова е за вас.

Предговор од авторот

Многу често (па речиси и секогаш) авторот испушта гласен виј во просторот и времето. За да се слушне неговата приказна; да се прочита. Барем така јас сум ги доживувал авторите, чии дела ми биле моја водилка, моја светлина. Пред да станеме автори, секогаш сме прво читатели. Па незабележително и ние почнуваме да завиваме. И волчно да трчаме низ нови предели, неоткриени, тајни, мистични, наши.

Пишуваме бидејќи чувствуваме. А читаме поради истата причина. Понекогаш и да пренесеме. Понекогаш да (се) излечиме. Во посебноста на делата авторот ги става сопствените душевни црвоточини и преку теоријата на хаосот, ефектот на пеперутката, низата на Фибоначи, Божествениот пресек, Теоријата на сè, авторот дава сè, се дава себеси. Барем така јас сум ги доживувал авторите и нивните дела. За потоа да разберам дека самиот читател е уметност на толкувањето, читателот е новата егзегеза. Читателот е љубовта на делото.

Исаак не сум јас. Исаак сме сите ние. И Крсте и Агата и Охрид и Оксфорд и сите предели, истории, приказни од Библиски времиња и сè досега. И така, испреплетени низ младата теорија на квантно заплеткување, ние постоиме, мрееме и воскреснуваме за да живееме. Согледувајќи ја вистината во очи, откриено е дека навистина сите сме негативци. Дали во сопствениот живот, дали во нечиј туѓ живот, дали пред Судот, дали во срце. И како такви, ние само се трудиме да љубиме - малку сме добри, повеќе сме збунети - и поради тоа се повредуваме. Исто како Исаак, исто како Крсте, исто како Агата. Ние сме тие, а тие наш одраз.

Бројот 3 како таков секогаш ме фасцинирал. Во православието и во философијата се смета за број на полнота, совршенство и божествена хармонија. Најпрво го претставува Светото Тројство (Отецот, Синот и Светиот Дух) три

лица во едно суштество, совршено единство на љубов. Христос воскреснува на третиот ден, што го симболизира преминот од смрт кон живот, од темнина кон светлина. Во философијата, често се појавува како структура на целината: теза, антитеза и синтеза, или во античката мисла како: тело, душа и дух. Ја изразува идејата дека вистината и совршенството не постојат во изолираност, туку во хармонично обединување на трите аспекти на постоењето. Исто како тие, исто како ние. Исто како Ерусалим, Охрид, Оксфорд. Исто како оваа трилогија. Ова е мое. Ова е ваше. Ова е нивно.

Ако во **Исаак** предговорот беше важен, во **Касиа** поговорот е уште поважен. И се чита последен.

За кохезивно искуство каде приказните ќе се слеат една во друга, препорака е да се прочита или препрочита прво **Исаак**.

Уживајте во Македонија, Грција, Египет.

„Сите Твои облеки мирисаат на смирна, алој и касија: кога излегуваш од дворците од слонова коска, харфи те развеселуваат.“ (Псалм 44: 8)

Касијата била посебно почитувана во Светата земја. Во Библијата, касијата се споменува како еден од зачините што се користеле за изработка на свето масло за помазание, што Бог му го открил на Мојсеј како да го приготви (Излез 30: 24). Касијата се користела за изработка на парфем, темјан и лекови, додека во исто време симболизирала небесна светост, посветеност на Бога и сладост на божественото присуство, означувајќи ги помазаните како одвоени за света служба.

Во Египет, растението касија и денес може да се најде покрај Нил и во пустинските оази. Кората и листовите се користат и како зачин и како лек, вреднувани поради нивните топли, ароматични квалитети. Касијата честопати се мешала и со темјан, парфеми и свети масла за разни обреди. Во времето на фараоните, касијата симболизирала прочистување, бесмртност и божествен благослов, бидејќи се верувало дека нејзиниот мирис го одвраќа злото и го воздигнува духот кон божественото, правејќи го мост помеѓу земниот живот и вечноста.

Пролог
Охрид

Оксфорд, Обединето Кралство, 03 октомври 1893 година

Вилијам и Изобел Еванс веќе завршија со појадокот и одлучија мрзеливо да уживаат во дворот на топлото есенско сонце кое беше реткост во Оксфорд. Сместувајќи се удобно на двете од четирите исковани железни столици, близнаците ги подзатворија очите и оставија сонцето да легне врз нив, како покривка, како утеха.

Тишината беше прекината од Мери која излезе тивко низ кујнските врати кои водеа во дворот и млитаво го остави големиот послужавник со чај и слатки на масата, па седна на една од двете слободни столици. Се погледнаа со тивко разбирање, насмевнувајќи си се низ досадата која веќе подолго време ја чувствуваа. Годините само малку почнуваа да се отсликуваат на нивните лица. Речиси незабележително. Како воопшто и да не беа поминале девет години од нештото кое ги врати во живот: Аластер и Соломоновите прстени.

Вилијам сè уште го имаше тој цврст авторитетот кој се лееше од неговите очи. Големите мустаќи му беа погусти и подолги прегрнувајќи му го младото лице на еден посебен начин. Изобел од друга страна, ја имаше истата детска наивност отсликана на нејзината нежна кожа, огромна насмевка и очи како срна.

„Колку е досадно“, се пожали со издишување и почна да го исправува зелениот фустан од волна на кој интригантно беа извезени цветови. „Истата рутина секој ден. Дома, универзитет, дома, мала прошетка, чај, читање, дома, дома, дома...“ повтори драматично. „Навистина ми треба нешто возбудливо... некоја авантура“.

„Не посакувај такви работи на глас и толку ревносно“, Вилијам се насмевна и почна да чита од белешките кои ги

беше распослал на неговата страна од масата. „Да не ти подари универзумот нешто со кое не можеш да се носиш, па потоа да не знаеш што и каде попрво“.

„Само да не е лошо“, Мери се накашла и отпи од чајот.

„Универзумот е Бог?“ Изобел помина со раката по нејзиниот долг и бел врат.

Вилијам ја погледна чудно. „Ако ти така мислиш...“

„Нема да ви е досадно веќе“, Едвард зачекори накај нив, очигледно наслушувајќи го краткиот разговор. „Само што добивте писмо од Балканот... од Македонија“. Беше истиот, лице со набори. Тагата откако го изгуби Елајџа беше како печат на неговото постоење. А тој често знаеше да каже дека, да не беше Мери и останатите, сигурно немаше да биде жив.

Со една подигната веѓа, Вилијам погледна преку бележникот, накај него. Очите му се ококорија. На неговото симетрично и убаво лице се исцрта голема насмевка.

Набрзина го зеде ковертот, го отвори и почна да чита на глас.

Драги Вилијам и Изобел,

Одамна ве немам видено. Поминаа години, но вие не престанувате да ми недостигате. Убавината во тоа да се најде мир на едно место, е проследен со носталгијата по луѓето кои толку многу си ги возљубил. А јас вас премногу. Дури ни прекрасниот Охрид не може да ја пополни таа голема празнина. Ама се труди. А и јас. Само таа ми остана.

Овде е небо. Не го носи името Балканскиот Ерусалим без причина. И тоа одзвонување само одекнува насекаде. И сите го сакаат. И сите сакаат да го грабнат. Сите посегаат, ама ова не се дава. Ова на крајот, е сепак, Македонија. Онаа Библиската, која и во Светото Писмо ја има. А сето тоа се чувствува како бие. Цело едно тело е ова, а Охрид душата.

Верувам дека премногу барам, но ако не побарам од моите најдраги, дали Бог ќе ми даде? А ние

ако не побараме од Него, Тој нема ни преку најдрагите наши да ни го даде побараното. Па затоа еве ме, ве молам, да ми помогнете. Знаете дека отсекогаш сум бил фасциниран од богатствата кои се скриени во страниците на **Списите од Александрија**. *Да не должам. Посебно ме повикуваа таа половина страница, каде се споменуваат* **Очите на Ра**. *Посебно каде вели дека еден од двата домови им е Охрид. А не знам зошто. А не знам како. Не знам зошто повторно Охрид не ме остава на мир и отчукува како едно посебно срце низ тие страници. Зошто Охрид? Зошто Каиро? Зошто Александрија?*

Во овие немирни времиња, Египет е побезбеден од Охрид. Штом е под Британски протекторат, би сакал да појдете таму директно. Но, не сè уште. Ако се согласите, испратете ми одговор што побрзу. Би сакал да ве посоветувам како да патувате, како да се пазите, да не се претставувате со вашите вистински имиња, со кои пријатели мои да се сретнете, како да се однесувате, што да лажете. Да, да лажете. Понекогаш лагата спасува од смрт, некогаш од зло, а понекогаш од судбина полоша од тие две. Детективот Грин знае како да помогне, да ви даде лажни идентитети и вам и на моите најдраги пријатели, идентитети кои ќе нè сокријат сите нас, за да успееме.

Цврсто верувам дека **Очите на Ра** *е следното богатство кое мора да се открие преку загатките исткаени низ* **Списите од Александрија**. *Верувам дека ќе игра некаква улога во иднината. Верувам. Чувствувам. Само не знам како и зошто. А само вам можам да ви ја доверам оваа задача. Само вам можам да ви се доверам и јас самиот. Затоа, кога ќе дојдете, едвај чекам да ви раскажам за мојот живот тука и за мојот Исак.*

Се слушаат некакви гласини за некаква Балканска војна, голема, темна, безизлезна. Луѓето тука живеат во страв, се подготвуваат за крајни времиња, спасение наоѓаат само кај Бога. И тоа е

добро на некој начин, кога ќе размислам подобро. А жалоста е онаа која е како горчлива вистина дека само во црнила луѓето ја гледаат белината на Небесата. Можеби и така треба да биде. Можеби затоа Бог допушта искушенија и темни времиња. Секогаш било така, секогаш ќе биде така, знајте и вие. Навистина не знам колку ќе биде безбедно да дојдете тука. Јас не сум сам, знаете. Тука се нашите пријатели, тука е мојот отец Христофор, тука се браќата и сестрите.

Ве молам поздравете ми ги Мери и Едвард и кажете им дека многу ми недостасуваат. А и вие секако, мои најдраги. Моите брат и сестра кои никогаш ги немав. Изгубив, а Бог ми ве даде. Понекогаш и Оксфорд ми недостасува. Се надевам дека ќе дојдам барем уште еднаш, за да се потсетам. Само да се смири тука сè. Само да се сплоти тука сè. Со Бог...

Во исчекување на вашиот одговор, ве поздравувам од Балканскиот Ерусалим, од бисерот на Европа, од Библискиот град, од местото кое крие многу тајни. А јас останувам секогаш и вечно, само ваш, и ничиј друг.

Со љубов во Христа,
Вашиот брат,
Отец Алимпиј
(Ластер Ворен)

Изобел го погледна Вилијам со најголемата насмевка која можеше да се растегне низ нејзиното бело лице. Тоа беше авантурата која ја чекаше, тоа беше мечот кој ќе ѝ ги пресечеше јазлите на досадата кои ја поробуваа. Писмото беше порајникот за нејзината суша.

„Ако ова не е одговор на нашите молитви, не знам што е“, рече задоволно и почна да удира со рацете. „Сепак Бог, драг брате“, го погледна итро и малку лукаво.

Едвард и Мери се прегрнаа нежно со загриженост која не можеше да биде сокриена. Не можеше да биде излажана.

„Внимателно сестричке“, Вилијам ги подигна веѓите насмевнувајќи се итро. „Можеби ќе биде убаво, но можеби ќе биде и многу опасно. Египет можеби е безбеден во овие времиња, ама за нас може да биде ад. А Охрид може да е покриен со облаци на војна, но за нас да биде рај“.

Прв дел:

Очите на Ра

Поглавје 1
Песок Натопен со Крв

Луксор, Еѓипет, 05 јуни 2025 година

Во слепилото од силното јунско сонце, под светлосиното небо, градот Луксор лежеше распослан низ песочната тишина која го привлекуваше попладнето, а ладнината се погребуваше од неподносливата жега која се ширеше како проклетство. Времето и просторот бленуваа покорно низ долгите денови.

Во тој ден, и низ сите денови, месеци, години и векови од неговата изградба, Храмот на Ра се издигаше величествено кон небесата, а сонцето чиниш истураше стопено злато низ отворените столбови, лизгајќи се по древните ѕидини, допирајќи ги некогашните скриени светилишта, релјефите, тајните. Дури и светлината имаше сирова почит, но не како поплава од некој фолклорен еп или библиска вистина, туку внимателно и кротко, како поклоничка поворка која беше речиси незабележителна. На тој начин можеше да се види древната величественост на храмот. Зраците се пробиваа низ сенките, допирајќи ги хиероглифите кои молчеа на површините повеќе од четири илјади години.

Околу мистичната градба во јужниот египетски град, светот живеше со различен, но добропознат ритам. Пулсираше методично. Околу храмот шетаа туристи со широки сламени шапки и големи фотоапарати, движејќи се меѓу високите столбови и амалгамирајќи се на вештачки начин со древната земја. Ништо од нивното не припаѓаше таму, во древната земја на фараоните, во Египет.

Водичите говореа на разни јазици, повторувајќи ги истите досадни и напамет научени историски и научни факти, ноншалантно мавтајќи со рацете наоколу, само за да го сензационализираат просторот и историјата: без грам почит. Дури и тие додаваа, лажеа, преувеличуваа. Со сите

грешки во просторно-временскиот континуум, воздухот беше слеан со врелата прашина, која пак со секој чекор како да предизвикуваше шепоти од неразбраниот мистичен ориент. Дури и во вревата, пустинската прашина го задржуваше сопствениот тивок тон, како потсетник дека сите тие несвојствени движења, сите тие бучни гласови, беа само привремени упади во вечноста која тежнееше кон тихување.

Околниот простор се растегнуваше каскадно. Дрвјата со урми беа надвиснале во нивните црвено-портокалови цветови, а сенките од палмите трепереа по камените урнатини што лежеа расфрлани наоколу. Како во тој хаос да се нижеше ред кој не беше разбирлив за обичниот смртник. Комплексот Карнак лежеше на едниот брег од величествената река Нил. А таа чудна миризба од неа се ширеше и спојуваше со топлината, издигнувајќи се кон синото египетско небо, будејќи ги презаситените олфакторни нерви на сите присутни.

Посебно на Исмаил Шенуда.

Исмаил беше истрениран да препознае бои, мириси, треперења, погледи, чекори, звуци, лаги, вистини. Како за човек со долгогодишно искуство во армијата, знаеше да се снајде во нови простори; впрочем и беше навикнат веќе подолго време.

Нешто повеќе од пет години беше стациониран во Египет, без никакви очекувања дека личните нишки од неговиот комплициран и бурен живот ќе го следат дури и таму. Но, не можеше да побегне од вистините кои беа дел од него, оние кои сакаше толку брзо да ги заборави. Посебно оние за кои се каеше крвно. Но молеше. Молчеше.

Беше облечен во темно зелена маица на кратки ракави, светло кафеави тактички панталони и воени тактички чизми во беж боја. На грбот му тежеше темнозелен тактички ранец кој беше до пола покриен од големата марама која беше замотана околу неговиот врат за да го штити од можните пустински ветрови. До половина на главата му беше спуштена и подкапата која беше во истите бои како и марамата, односно неколку нијанси на пустинско жолта, кои се прелеваа со зраците. Во наборите на марамата и подкапата беше вгнездено неговото триесет и три годишно цврсто

лице кое беше обраснато со густа темно кафеава брада, која пак се спојуваше нагоре со кратката коса која светкаше од потта судрена со сонцето. Очите му шараа во нијанси од кафеаво медова боја која чиниш се претопуваше во таа пустина, постанувајќи едно со просторот.

Телото му беше добро градено за воено лице со над петнаесет години искуство, оцртувајќи му ги мускулите кои оддаваа чувство на сила и сигурност. Исмаил ја подигна десната дланка, ги протри очите од жештината на сонцето и ја избриша потта на неговото лице со дел од марамата. Од страничниот џеб на пантолоните извади очила за сонце и ги стави во брз потег, а потоа од другата страна на пантолоните од малата торбичка закачена за неговиот бут, извади црно термо шише. Отпи од водата која со неколку капки му ја нароси брадата. Ја избриша устата и го врати шишето во торбичката.

Не знаеше каде да оди, не знаеше што да мисли.

Мистериозната телефонска порака која ја доби тоа утро му даде инструкции да биде пред влезот на храмот точно напладне. Не знаеше ни зошто, не знаеше ни од кого беше пораката. А тој беше таму; пред Карнак. Многу ретко си дозволуваше да следи непознати пораки, но нешто како да го влечеше кон тој дел од градот тоа утро; како да претчувствуваше ветришта кои ќе сменеа многу правци. Но не оние пустинските, туку оние животните од кои избега, и за кои не беше подготвен. Не сакаше да се соочи со нив. Можеби и поради тоа толку лесно прифати да биде распределен на северот од Африканскиот континент.

Моментот кога ја доби наредбата за распределување во Египет, пред пет години и два месеци, не ни можеше да замисли дека ќе се вплетка во мрежи кои воопшто не соодветствуваа со неговите интереси. Но ете, полека, но сигурно, Исмаил се најде во канџите на луѓето кои му беа повеќе од неразбирливи: ловците на богатства, ловците на гробови, сензационалисти. Се гледаше себеси како едноставен човек кој го почитуваше стоицизмот, беше агностик, веруваше во здрава исхрана, многу тренинг и безрезервна посветеност на неговата татковина: *земјата на слободните и дом на храбрите*, како што одекнуваше од химната.

Направи неколку чекори напред, застана, и почна да го анализира просторот. Немаше ништо што му беше сомнително. Туристи, улични продавачи, стари автомобили, дрвени приколки, камили. Долгиот влез на храмот беше како монументална порта од изветвен песочник, чии столбови се издигаа грандиозно нагоре. Меѓу нив, авенијата на сфингите се протегаше нанадвор низ која туристите се туркаа напред низ засенчениот отвор на храмот, а други излегуваа надвор. На Исмаил секогаш му пречеше тоа неосновано брборење на луѓето кои сакаа само да се фотографираат, а не да уживаат во историјата.

Од предниот џеб го извади својот мобилен уред MIL-STD-810H, кој беше направен за издржливост во пустински услови. Уште еднаш ја отвори пораката на која беше напишано: ***Karnak Entrance. 12:00. Be there***[1]. На часовникот беше 11:58 и немаше ни траг од личноста која му ја испрати пораката. Бројот беше непознат со +20 напред, меѓународниот телефонски код за Египет. Се обиде да заврти неколкупати по добиената порака, но апаратот беше исклучен. Не следеше наредби толку лесно и така брзо, но со сѐ што се имаше случено во последниот период не знаеше веќе кому да верува и во што да верува. Па затоа, набрзина измисли неколку лаги, го информира својот тим од тајната единица за специјални сили DS9 (Desert shadows 9[2]) и излета од нивното скривалиште.

Го отвори именикот и застана на името **The Pharaoh**[3]. Се колебаше дали впрочем требаше да пријави нешто вакво, дали требаше воопшто да се јави на бројот. Сакаше да биде сигурен во неговите претпоставки и стравови. Издиша длабоко, ги извади очилата и повторно погледна во името. Моментот кога го притисна името, беше истиот момент кога одекнаа неколку грлени вресоци покрај една од статуите на сфингите. Отсечно, Исмаил го насочи погледот надесно. Забележа група туристи и локалци како беа собрани околу нешто на земјата кое не можеше да го види. Со брз од се упати накај нив. Како се доближуваше, така можеше да слушне ѕвонење од нечиј телефон. Не му се веруваше. Повикот се воспоставуваше од неговиот телефон.

1 Влезот на Карнак. 12:00 часот. Биди таму. (превод од англиски)

2 Пустински сенки 9 (прев.од анг.)

3 Фараонот (прев. од анг

Се истурка низ народот, наредувајќи им ем на арапски, ем на англиски да се тргнат настрана. Очите му се вперија во возрасниот маж со седа коса и избричено лице, кој лежеше мртов на врелата пустинска земја. Неговата десна рака беше испружена, и показалецот крвав. До него со крв беше испишано на кирилично писмо: *исаак, крсте, агата*.

Покрај мртвиот маж можеа да се забележат два телефонски уреди.

Исмаил си го виде сопственото име на екранот. Погледна во другиот телефон и за секунда му прелета мислата зошто анонимно му пишал од нов број, а не од сопствениот.

„Не...“ издиша тивко и клекна покрај мртвиот човек. Внимателно и без некој друг да забележи, го прекина повикот.

* * *

Каиро, Египет, 10 јуни 2025 година

Исаак ги отвори очите, одлепувајќи го сонот од уморните капаци. Неговиот жарок, но зашеметен поглед почна да се навикнува. Погледна наоколу како низ превез од магла. Бунилото ја обзеде неговата свест за реалноста, и препуштајќи се на вртлогот, почна да се тегне и тоне во моментот.

Како што лежеше на грб, се сврте настрана кон непознатиот отворен простор. Првото нешто што очите му го здогледаа беше големиот ѕиден часовник кој покажуваше нешто пред шест часот наутро. Потоа го спушти погледот кон чергата на земја исткаена во разни изветвени бои. Ја подигна главата нагоре и погледна накај отворените балконски врати пред кои нежно се вееја тенките бели завеси. Ниту ветрецот кој влегуваше внатре не беше доволен да ја разлади збунетоста и топлината која во локви се лепеше на неговите алишта. Чаршафот со кој се беше покрил претходната ноќ лежеше фрлен на подот. Со умор кој не мислеше дека ќе го чувствува, полека се намести во седечка положба, ги протри очите и повторно погледна наоколу.